ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ (Службен весник на РМ бр.165/11, 11/12, 52/14 и 183/15)

Врз основа на член 30 став 2 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија" („Службен весник на Република Македонија" бр.24/06, 88/08, 31/10, 36/11, 53/11, 93/13, 99/13 и 164/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО, ДОСТАВУВАЊЕТО НА ЕВИДЕНЦИЈАТА И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ОТКУПЕНИТЕ И ОБРАБОТЕНИТЕ КОЛИЧИНИ НА ТУТУН

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на водењето, доставувањето на евиденцијата и формата и содржината на образецот на евиденцијата за откупените и обработените количини на тутун.

## Член 2

Евиденцијата за откупените и обработените количини на тутун се води во печатена и електронска форма.

## Член 3

Доставувањето на дневната евиденција за откупените количини на тутун од претходниот ден се врши најдоцна наредниот ден до 12 часот.

Доставувањето на евиденцијата за вкупно откупените количини на тутун се врши еднаш годишно за откупените количини тутун од тековната реколта.

Евиденцијата од став 1 на овој член се доставува по електронски пат до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и до Државниот инспекторат за земјоделство, а во печатена форма на барање од Државниот инспекторат за земјоделство.

Доставувањето на евиденцијата за обработените количини на тутун се врши еднаш месечно, за обработените количини во претходниот месец.

Евиденцијата од ставот 2 на овој член во електронска и печатена форма се доставува до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и до Државниот инспекторат за земјоделство.

Формата и содржината на образецот на евиденцијата за вкупно извршен откуп на тутун од ставот 2 на овој член се дадени во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

## Член 4

Формата и содржината на образецот на евиденцијата за извршен откуп на тутун е дадена во Прилог 1 и е составен дел на овој правилник.

## Член 5

Формата и содржината на образецот на евиденцијата за обработениот тутун е дадена во Прилог 2 и е составен дел на овој правилник.

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Упатството за начинот на пријавувањето, формата и содржината на образецот на пријавата за договореното производство на тутун и за начинот на водење на евиденцијата и формата и содржината на образецот на евиденцијата за откупеното и обработеното количество на тутун („службен весник на Република Македонија“ бр.10/07).

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.______________

________2015 година
Скопје

Министер
за земјоделство, шумарство
и водостопанство
м-р Михаил Цветков, с.р.

Прилог 1

Назив на правно лице____________________

Д Н Е В Н А   Е В И Д Е Н Ц И Ј А
за извршен откуп на суров тутун во лист од РЕКОЛТА ____година
ЗА ДЕН_________година

| Класа | Јака | | Џебел | | Прилеп | | Отља* | | Басмак | | Вкупна количина за класа во кгр. | Пондер цена за класа во ден/кгр.** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Количина во кгр. | Цена во ден/кг. | Количина во кгр. | Цена во ден/кг. | Количина во кгр. | Цена во ден/кг. | Количина во кгр. | Цена во ден/кг. | Количина во кгр. | Цена во ден/кг. | | |
| I | | | | | | | | | | | | |
| II | | | | | | | | | | | | |
| III | | | | | | | | | | | | |
| IV | | | | | | | | | | | | |
| V* | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно ароматичен во кгр.: | | | | | | | | | | | | |
| Дополнителен тутун | | | | | | | | | | | | |
| I | | | | | | | | | | | | |
| II | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно дополнителен во кгр. | | | | | | | | | | | | |
| Мувлив во кгр. | | | | | | | | | | | | |
| СЕ ВКУПНО во кгр. | | | | | | | | | | | | |
| Вкупна вредност на откупениот тутун | | | | | | | | | | | | |
| Просечна откупна цена по кгр. | | | | | | | | | | | | |
| Исплатен тутун | | | | | | | | | | | | |
| Исплатено во денари | | | | | | | | | | | | |
| Исплатено во % | | | | | | | | | | | | |

*Се внесува податок за тип Отља
**Вредноста од колоната „вкупна количина за класа во кгр.“ се дели со собирот од сите цени во класата

Дата
_____________

потпис на одговорно лице
во правното лице
_________________________

М.П.*
*Печат не ставаат трговските друштва
согласно Законот за трговски друштва

Прилог 2

Назив на правно лице_____________________

Е В И Д Е Н Ц И Ј А
за обработен тутун од берба од ___________ година за месец __________

| Ред. Бр. | Тип на тутун | Обработен суров тутун во кгр. за ____ месец | Обработен суров тутун, откупен од друг откупувач во кгр. | Вкупно обработен тутун во кгр. (кумулативно) за __, __, __ месец | Кало во кгр. | Готов производ во кгр. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | | |
| 2. | | | | | | |
| 3. | | | | | | |
| 4. | | | | | | |
| 5. | | | | | | |
| се вкупно: | | | | | | |

Дата

потпис на одговорно лице
во правното лице
________________________

М.П.*

*Печат не ставаат трговските друштва
согласно Законот за трговски друштва

Прилог 3

Назив на правно лице____________________

# Е В И Д Е Н Ц И Ј А
за ВКУПНО извршен откуп на суров тутун во лист од РЕКОЛТА ____година

| Класа | Јака | | Џебел | | Прилеп | | Отља* | | Басмак | | Вкупна количина за класа во кгр. | Пондер цена за класа во ден/кгр.** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Количина во кгр. | Цена во ден/кг. | Количина во кгр. | Цена во ден/кг. | Количина во кгр. | Цена во ден/кг. | Количина во кгр. | Цена во ден/кг. | Количина во кгр. | Цена во ден/кг. | | |
| I | | | | | | | | | | | | |
| II | | | | | | | | | | | | |
| III | | | | | | | | | | | | |
| IV | | | | | | | | | | | | |
| V* | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно ароматичен во кгр.: | | | | | | | | | | | | |
| Дополнителен тутун | | | | | | | | | | | | |
| I | | | | | | | | | | | | |
| II | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно дополнителен во кгр. | | | | | | | | | | | | |
| Мувлив во кгр. | | | | | | | | | | | | |
| СЕ ВКУПНО во кгр. | | | | | | | | | | | | |
| Вкупна вредност на откупениот тутун | | | | | | | | | | | | |
| Просечна откупна цена по кгр. | | | | | | | | | | | | |
| Исплатен тутун | | | | | | | | | | | | |
| Исплатено во денари | | | | | | | | | | | | |
| Исплатено во % | | | | | | | | | | | | |

*Се внесува податок за тип Отља

**Вредноста од колоната „вкупна количина за класа во кгр.“ се дели со собирот од сите цени во класата

Дата

________________

потпис на одговорно лице
во правното лице

_________________________

М.П.*

*Печат не ставаат трговските друштва
согласно Законот за трговски друштва